Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-103/6
Скопје/Shkup 20.01.2025 година/viti

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 37-м од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 13 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот за спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 година, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

Одлука
за извршен избор на кандидати по јавен оглас
за вработување на неопределено време на даватели на јавни услуги по оглас број 1/2024
објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха" на ден 13.12.2024 година

1. За пополнување на слободно работно место КДР0305А03097 -Раководител на одделение за наплата на патарина и контрола во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина – 1 (еден) извршител, за работа на неопределено време, избран е следниот кандидат:

1. Ванчо Милевски

2.Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на даватели на јавна услуга во Јавното претпријатие за државни патишта, формирана со Решение бр.04-13637/4 од 13.12.2024 година, во состав од Александар Бангиевски - Претседател на комисија, Биљана Цветковиќ – член и Беким Џемаили - член, за потребата од вработување на давател на јавна услуга по јавниот оглас број 1/2024 година објавен во дневните весници „Слободен печат", "Вечер" и „Коха" на ден 13.12.2024 година, спроведе постапка согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот за спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-12763/7 од 25.11.2019 година.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место КДР0305А03097 -Раководител на одделение за наплата на патарина и контрола во Одделението за наплата на патарина и контрола, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, Комисијата за селекција во постапка за вработување изготви конечна ранг листа од пријавените кандидати за наведеното работно место и до ВД

Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави предлог кандидат за вработување по јавен оглас број 1/2024.

Врз основа на наведеното, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на Јавното претпријатие.

ВД Директор
Коце Трајановски

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Одделение за човечки ресурси и општи работи
- Огласна табла
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова
Зоран Велков